# ТЕ САКА, МАМА

Илијана Зендер

САКАМ КНИГИ

# ПРЕДГОВОР

Никогаш никого не сум повредила, но сега, ми доаѓа да му удрам тупаница на лицето што втренчено гледа во мене од насловната страница на весникот кој излегува во целата земја. Фотографија на која е *таа*, со црвениот кармин како нејзин заштитен знак и со долгата црна коса.

Убаво лице на чудовиште.

*ПРОНАЈДЕНО МРТВОТО ТЕЛО НА АВТОРКА НА БЕСТСЕЛЕРИ*

*Елизабет Каспер (43), ширум светот попозната како Е. В. Ренџ, писателка и автор на најнати трилери, е пронајдена мртва односно загината во, како што се чини, „бизарен несреќен случај.“*

*Зад себе ги остави саканиот сопруг Бен Каспер и дваесет и едногодишната ќерка, Мекензи Каспер.*

*Светот остана во шок по трагичната загуба на една талентирана личност која прерано нѐ напушти. Обожавателите од целиот свет се собираат и масовно оддаваат почит на овој книжевен гениј.*

Оф, колкав куп лаги ...

Онаа студена насмевка како да ми се подбива од насловната страница на весникот кој ми трепери во рацете и ми доаѓа да го исечам она лице одонде и сосем да го избришам од сеќавање.

Сама си го бараше.

И заслужи да умре.

Само посакувам ова да се случеше порано.

# ДЕЛ 1

# ЕДЕН

# МЕКЕНЗИ

Веројатно досега немало ваков помен – на која не се проли ниту една солза.

Поменот за мајка ми е најголемата претстава на годината, а можеби и на нејзиниот живот.

Тоа не го знаат обожавателите кои се собрале во голем број пред спомен-центарот Свети Јован. Мислат дека така масовно се собрале сосем спонтано. Не знаат колку пари се потрошени за публицитет, инфлуенсери, трач-колумни и за блогерите кои пишуваат за книги.

Откако почина мама, нејзините романи повторно се искачија на врвот од листата на најпродавани наслови.

*Погледни, мамо! Мртва си, а сите и натаму фрлаат пари за тебе.*

Новинските наслови изминатава седмица збеснаа, голем дел од нив излегуваат со најразлични откачени теории.

*Е. В. РЕНЦ ТРАГИЧНО ЗАГИНА*

*ВО ЗЕНИТОТ НА НЕЈЗИНАТА КАРИЕРА.*
*НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ ИЛИ...*

Затоа е тука оној тип што стои во задниот дел од просторијата. Средовечен е, има смешен мустак, носи костум и вратоврска.

„Ова е приватен настан. Ве молам, одете си“, му вели баба отсечно а сепак со шепот.

Штом се упатува натаму, насмевката ѝ исчезнува од лице.

Не мора да имаш око соколово за да забележиш дека човеков под палтото има футрола со пиштол – детектив е. Пред два дена ни дојде в куќа. Му отворив јас, а тој веднаш почна да ме распрашува за мама сѐ додека баба не се појави од зад мене и не му се пушти како бесна кокошка пред пиле.

„Мекензи, те молам остави нѐ сами“, ми нареди баба и ме блокираше со телото од него. Додека заминував и вртев на ќошот, му рече напнато и вкочането: „Треба да се засрамите: сакате да зборувате со дете кое тукуштo ја изгубило мајка си.“

Сега, човекот е присилен повторно да замине.

Весниците и блогерите со денови сугерираат најразлични луди теории за смртта на мајка ми. Според истражителите, вистината била побанална: мама се сопнала, паднала и ја скршила главата од една карпа додека пешачела на нејзината вообичаена утринска прошетка во шумата до нашата куќа.

„Незгода“, така го нарекоа тоа истражителите. Како по некоја случајност, бестселерите на мама се полни незгоди.

Никој нека не сфати погрешно но можеби некои луѓе се тажни.

Онаа кучка, Лаима Рот, која во моментов разговара со издавачот небаре ова е обичен деловен состанок? Таа, сигурно. Над дваесет години ѝ беше агентка на мајка

ми. Сега може да ги заборави идните книги чие издавање заедно го планираа. Иако, сигурна сум дека добро ќе ги искористи специјалните изданија, надворешни рабови од листовите во специјални бои и дизајни, книги во пакет и што ли уште не. Овој бунар никогаш нема да пресуши.

Мама ја кремиравме пред неколку денови на приватен настан на кој присуствуваа само десетина души. Но и таму никој не заплака.

Поменов е заради публицитет – или, како што велат, за „пријателите“. Да искажеле почит. Почитта имаше мошне високо место на листата на мама, но пријателите? Не сум сигурна дека имала макар еден вистински пријател, иако од китнестите говори кои ги држат во нејзина чест во изминативе два часа некој ќе си помисли дека жената била ни помалку ни повеќе туку Шекспир.

На улиците пред местото на настанот има цели толпи луѓе, но преполната сала каде се одржува поменот е морничаво тивка: кога некој шепоти, шепотот просто се одбива од сите ѕидови.

Од едната страна на просторијата стои џиновска фотографија на мама како писател, во тантелена кошула со висока јака и со црвени рози во заднина. Под неа пишува *Е. В. Ренџ*. Средовечната ексцентрична фотографка што ја ангажираа од издавачката куќа ја фотографира сликава од секој можен агол. Со издавачот, со агентите и со тато до неа. И мене ме замоли да позирам, но одбив.

*Шшо ги ебам.*

Од другата страна на салата се наоѓа фотографија на мама во нејзината канцеларија. Со комплетна шминка и фризура, но изгледа некако занесена додека седи пред една полица. Под нејзината „неформална“ фотографија стои нејзиното вистинско име, Елизабет Каспер. Оваа верзија е за други извори, на пример за локалниот весник, за црквата во која оди баба и за хуманитарните организации во кои мама често донираше.

Повеќе сакам да стојам одзади во просторијата, понастрана од целиот овој спектакл, до дедо кому воопшто не

му е гајле – а, никогаш и не му било – за мајка ми. Или, кога веќе зборувам за тоа, за тоа како изгледам.

Но на баба мојот изглед ѝ е важен. Претходно додека бевме во куќата, ме замоли да не го ставам мојот вообичаен црн кармин и дебел слој со моливчето за очи.

„И, облечи нешто примерно.“

Речиси секогаш носам црно. По некоја случајност, тоа е многу примерно за помен. Исто како и црното моливче за иста и црниот кармин кои сепак ги ставам.

А баба, се разбира, носи диор и скап накит. Внимава по малку да поразговара со секој присутен.

Тато носи елегантен црн костум и изгледа извонредно. Малку е намуртен, но така е можеби поради откажувањето. Неговите родители живеат на само четири часа возење од нас, но престојуваат во нашата куќа од смртта на мама. Баба го контролира тато да не консумира алкохол прерано во денот. Откако замина мама, баба гордо го презеде домаќинството.

А, јас? Сакам да плачам, навистина сакам, но стварноста сè уште не ме погодила. Сакам да сум тажна, но секогаш чувствував дека на мама никогаш не сум ѝ значела доволно. Поради тоа последниве години станав многу огорчена и постепено се оддалечивме една од друга.

Мојот најдобар другар, И-Џеј, вели дека ми се случува одложено тагување. Можеби сум просто бездушна. Го замолив да не доаѓа бидејќи не сакав мојот најдобар другар да види колку животот ми бил и е заебан, па, да речам, горе-долу откако памтам.

Ќе го видам во куќата каде вечерва имаме прием со кетеринг наменет за „блискиот круг“ лица. Сигурна сум дека она ќе биде забава иако го нарекуваат прослава на животот.

Се осврнувам низ просторијата и се грчам кога здогледувам познат лик како му приоѓа на тато и се ракува со него. Тоа е деканот на универзитетот на кој студирам. Го тргам погледот и превртувам со очите. Мама порано се дружеше со него на разни општествени настани.

„За твојата иднина“, еднаш ми рече. Всушност, еднаш дури одржа и предавање на мојот универзитет и му донираше парични средства. Не би ме изненадило од таму да кренат споменик во нејзина чест.

Тука е и психотерапевтот на мама. Двајца нејзини уредници. Нејзините тројца асистенти. Нашиот семеен адвокат. Повеќето нејзини „пријатели“ едноставно се луѓе со кои тесно соработувала.

Сакам да плачам, навистина сакам, но не можам. Изминатава недела по несреќата и додека седев дома наместо да престојувам во моето станче во градот, постојано мислев на неа, на она што го имавме, на нашето малечко зафркнато семејство. Точно е дека бев тажна, само не онака премногу тажна како што би требало да бидам, претпоставувам.

Тато погледнува во телефонот и брзо се оддалечува од сите итајќи кон вратата. Таму забележувам еден друг човек со бејзбол-капче на главата кој се врти и излегува од просторијата. Тато се упатува по него.

Ова би било добар момент да му кажам на тато дека имам главоболка и сум готова да доживеам нервен слом – што, нормално е лага – и, дека морам да си одам. Во мене како да клокотат емоции, но не можам да ги разберам кои се. Најмногу од сѐ е што имам потреба да сум подалеку од сите овие луѓе.

Излегувам во празното предворје кое преминува во еден друг мал ходник, а таму на самиот крај го гледам тато како зборува со оној непознат човек.

Тргнувам кон нив и забавувам кога слушам шепот: „Ѓубре едно скапано!“

Што по ѓаволите?

Зачекорувам настрана, зад вратата, од каде што не можам да ги видам, но јасно ги слушам.

„Не овде“, саснува татко ми. „Како се *осмелуваш*, бе?“

„Како се осмелувам? Имам право да бидам овде.“

„Излегувај. Веднаш сега.“

Човекот тивко се смее. „Се сомнева ли таа во нешто?“

„Кој?“

„Мекензи.“

Срцето непријатно ми затреперува кога го слушам своето име.

„Да не си се осмелил да ја спомнуваш ќерка ми.“

„А, значи не се сомнева? А, па добро одиграно од твоја страна, Бенчо, момче.“

Бенчо, момче? Татко ми ли? Кој го нарекува така, да му се сневиди?

„Ти реков, оди си“, продолжува тато уште поочајно. „Само... замини сега. Подоцна ќе зборуваме.“

Зачекорувам поблиску до вратата за да ѕирнам, но тврдиот паркет под тепихот чкрипи: леле, навистина најшол да чкрипи, еј!

*Да ти се плукнам.*

Стојам неподвижно како елен кога ќе го зароби светлина од автомобилски фарови. Слушам придушени чекори и на вратата се појавува тато.

Штом ме здогледува, преку лицето брзо му минува паничен израз.

„Што беше она?“ го прашувам и ѕиркам преку него зад вратата, но таинствениот човек во меѓувреме заминал.

Тато со двете дланки си го брише лицето. „Ништо.“

„Се караше ли со некого?“

„Не, дете, само зборувавме.“ Посега во џебот и вади плосната матарка.

„Го познаваш тој човек?“

Тато нервозно отпива голема голтка и полека се издишува. „Никогаш порано не сум го видел.“

А, тоа е очигледна лага.

Ја крие матарката назад в џеб и ми намигнува. „Добра си?“

„Не можам да седам веќе овде. Луѓено...“

Не довршувам, превртувам со очите и со едната рака покажувам кон главната сала.

„Знам, знам.“ Тато затвора очи и се штипе за коренот од носот.

„А, *ти* дали си добар? “

Тато и мама не беа баш совршена двојка, особено во последно време. Се караа повеќе од кога било и тоа го знам само од она малку што го гледав додека за викендите бев кај нив бидејќи во последниве две години живеам под кирија во едно студио-станче во градот, од каде ми е поблиску универзитетот.

Тато остро вдишува и се издишува низ напрчени усни, а потоа успева некако да ми упати лажна насмевка. „Да, добар сум, дете.“ Нежно ме тапка по рамо. „Ќе биде сè во ред. Кога сакаш можеш да си заминеш одовде.“

„Се гледаме во куќата“, велам и вртам во ходникот кој води кон задниот влез.

Најголемата претстава ќе се случи надвор штом сите присутни овде ќе излезат од зградата. Вистински тагуваат токму обожавателите од цела земја. Издавачката куќа веќе ангажира сопствен пи-ар тим кој ќе го води настанот. Да, да: го нарекуваат *настан*. Ќе има ангажирана група актери кои ќе кренат врева и ќе врескаат безобразни работи и исто така ќе скврнават една од портрет-фотографиите на мама, при што ќе ја прогласуваат Е .В. Ренџ за ѓавол. Бидејќи, нели, не постои такво нешто како лош публицитет. Тоа го знам бидејќи за ова однапред ме известија. Но не пред да ја потпишам изјавата за доверливост. Овој „подвиг“, скришно смислен и организиран од страна на пи-ар тимот би требало да поттикне ненормална продажба на книгите на мама.

Дефинитивно не сакам да излезам низ главниот влез и право меѓу глутницата *папараци* и луди обожаватели.

Се издишувам со олеснување кога излегувам низ задната врата од зградата и, откако се уверувам дека на паркингот нема никој, се упатувам кон мојот автомобил.

Телефонот ми ѕвони.

„Фала му на Бога“, брзо велам кога кревам. „Отидов јас одовде.“

„Еј, Лутко, уште малку е готово.“ Смирувачкиот глас од И-Џеј ми е како мевлем на душата.

„Ќе доаѓаш кај нас, така?“

„Веќе идам натаму. Можеби ќе стасам и пред тебе.“

„Ама, да се пазиш од *папарацитe* пред главната порта, важи?“ Ја отклучувам автомобилската врата за да влезам. „Сигурна сум дека ќе ги има... Чекај малку.“

На возачкото седиште има плик, збунето се муртам додека го земам в рака.

„И-Џеј, само момент.“ Го ставам на спикерфон, а потоа внимателно го разгледувам пликот. „А бе, што е ова, да ти се сневиди...“

„Добра си?“ ме прашува.

„Не сум сигурна“, велам, пулсот нагло ми забрзува додека ги читам зборовите на пликото.

*Од обожавател #1. XOXO*

# ДВА

Славата, дури и во книжевниот свет, доаѓа со пофалби, со писма од обожаватели, со демначи, а повремено и со случајно заталкано шишенце урина или со окрвавена долна облека. Да, на светов има секакви лудаци. Овде нема да ги споменувам поморбидните работи – и од тоа има многу.

Нервозно ѕиркам низ автомобилските прозорци. На паркингот има коли колку сакаш, но не гледам жива душа.

„Кенз, што е работата?“ прашува И-Џеј загрижено преку спикерфон.

„Пошта од обожавател“, одговарам и повторно се загледувам во пликото.

„Нешто лудо ли е?“

„Лудото е дека ми е оставено внатре во кола.“

„Да не заборави да ја заклучиш?“

„Ц, брат, не сум глупава. Се надевам не е прашок рицин или такво нешто. Би требало просто да го џитнам и да не му ја мислам.“

„Отвори го! Може има нешто интересно внатре.“

И-Џеј секогаш се возбудува од приказните за обожавателите на мама.

„Добро“, велам и го кинам пликото.

Внимателно го ширам со црните маникирани нокти и ѕиркам внатре. Со обожавателите, никогаш не е на одмет повеќе да се внимава. Се случувале и почудни работи. Мислам, луѓето ѝ праќаат на мама сè и сешто. Љубовни писма, закани, потоа нивни ракописи, играчки, колачиња, прамни коса. Шишенце урина еднаш – е, тоа беше гадно. Еден тип ѝ прати фотошопирана фотографија на која се гледа тој заедно со мама, прекриена со неговото семе.

„Ајде, кажувај: што има?“ нетрпеливо вели И-Џеј.

„Внатре има неколку листа. Веројатно некој напишал тажно писмо.“

„Па, прочитај што има.“

И-Џеј многу сака такви морничаво страшни работи. Пред една година дипломираше на мојот универзитет и работи различни хонорарни информатички работи. Можеби сега е брилијантен програмер кој повеќе заработува од онлајн-ангажмани во кои составува кодови на негови дваесет и три години одошто просечно возрасно лице. Но кога го запознав пред неколку години беше бубалица. Ми рече дека повторувал седмо одделение основно бидејќи не одел на настава и го минувал сето време дома пред компјутер. И сега е бубалица, само што си најде своја банда, луѓе кои размислуваат слично како него. Понекогаш тоа ја прави целата разлика во животот.

Ги вадам листовите од пликот и ги отворам.

Писмото е напишано на рака и се состои од три листа, секој од листовите е рецкав на едниот раб, како да се листови скинати од бележник.

„Ајде, кажувај веќе еднаш!“ нетрпеливо ме наговара И-Џеј.

„Чекај! Ооо, каков си! Нели знаеш дека трпението е доблест?“

На првиот лист има само неколку напишани реда кои полека и гласно ги читам:

*Сакаш да дознаеш една тајна?*

*Те сака,*

*мама.*

# ТРИ

„А бе, што...?“ велам, па налутено го погледнувам вториот лист: косата ми се крева на глава.

На листот гледам познати имиња, во горниот лев агол е напишан датум од пред дваесет и две години. Локација: *Олд Боу, Небраска*.

Ако ова е нечија солена шега, тогаш е многу детално разработена бидејќи јас ова место го знам. Моите студирале на колеџ таму, пред повеќе од дваесет години.

„Лутко, таму си?“ ме прашува И-Џеј.

„Е, ќе ти се прејавам.“

„Сè е океј?“

„Да, да, ќе ти ѕвонам.“

„И поарно да ми ѕвониш.“

Во следните пет минути, не мрдам од место. Го читам напишаното на трите листа и чувствувам како ми се превртува утробата. Одново ги читам и ги превртувам страниците за да се уверам дека не сум пропуштила ништо.

Не знам многу за минатото на моите родители, но знам од каде потекнуваат. Приказната на оние листови ми се чини лична, интимна. На мама никогаш не ѝ било многу важно да ми раскажува за нејзиното минато. Зошто би ѝ било важно, па, сега?

„Комплицирано е“, често велеше.

Познавајќи ги нејзините романи, би рекла дека ѝ било ептен заебано. Критичарите ја нарекуваат „брилијантна“ нејзината имагинација. Лично мислам дека е крајно забегана, а корените очигледно ги влече од минатото. А, кој родител ќе му раскаже на своето дете какво поебано минато имал?

Прв порив ми е да ги фрлам овие листови во еден огромен ковчег полн разни работи што ѝ ги пишувале на мајка ми во текот на дваесетте години нејзина кариера во издаваштвото. Мама го чува тој ковчег во нејзината работна соба дома. Инаку, ковчегот е стар, во готски стил, исклучиво наменет за пошта од нејзините обожаватели.

Но љубопитна сум. Што ако тие писма се *навистина* од мама?

Само едно нешто можам да сторам за да ја проверам нивната автентичност.

Го стартувам моторот на колата и возам кон куќата на моите родители.

Нашата куќа е оддалечена еден час возење од градот. Не сакав да останам дома додека студирав додипломски бидејќи мама не ми дозволуваше да се иселам да студирам надвор од нашата сојузна држава. Така, со преселбата во градот се стекнав барем со малку слобода.

Често ги посетувам родителите, секој втор викенд. Сега сум дома откако почина мама. Се разбира, тоа беше идеја на баба, да сум останела за да сме можеле сите „да се поврземе низ тагата“. Тоа се нејзините зборови. Иако, прилично сум сигурна дека никој од нас не тагува.

Еден час подоцна, се исклучувам и почнувам да возам по приватниот пат кој води кон имотот на моите родители. А, тоа е куќа со површина од околу шестотини и педесет

квадратни метри, на имот од околу пет ари, со дополнителна гостинска куќа, базен и природно езерце веднаш до едно поголемо езеро околу кое расте шума.

Еден вработен во обезбедување, инаку ангажиран од фирмата за односи со јавноста, ми кима со главата. Но требаше да знам дека само еден обезбедувач не е доволен бидејќи, само што возам едно шеесет метри по патот кон куќата, кога одеднаш, еве ги – неколку мажи истрчуваат од густата шума со фотоапаратите в раце, светкаат блицови додека ме фотографираат како приоѓам до главната порта.

„Мекензи, мислиш ли дека смртта на мајка ти била несреќен случај?“

„Мекензи, ти ли ќе го довршуваш романот што мајка ти тековно го пишуваше?“

„Госпоѓице Каспер!“

„Ова е приватен имот!“ им се развикувам низ стаклото, но тие и онака го знаат тоа и не им е гајле. Металната порта полека се отвора, минувам низ неа и таа полека се затвора и тогаш барем не се осмелуваат да ме следат натаму.

Во следната минута, влегувам во куќата.

Веднаш ми удира в лице пресилна слатка миризба – од стотици цветови и букети што ги пратиле пријатели, колеги и обожаватели. Во куќата врие од работници од кетеринг-службата кои вршат подготовки за вечерашниот прием. Се упатувам право кон домашната канцеларија на мама и не го испуштам од рака пликот.

А, канцеларијата е заклучена. Од неа клучот го имаше единствено мама или барем таа така мислеше. Кај неа можеше да влезеш само кога таа беше внатре. Но знам каде тато го чува резервниот клуч. Пред повеќе месеци го начекав како скришно влегува онаму. Мама никогаш не дозна за тоа, а самото тоа што ова дури и се случуваше покажува колку за никаде им беше односот на моите.

Во моментов, навистина мора да се пикнам онде.